Противпожарен сојуз на град Скопје

# ДЕТСКИ ДНИ
# БЕЗ ПОЖАРИ

Скопје - 2009/2010 год.

Алманах од детски творби

Рецензенти:
Славка Арсова
Стојан Арсиќ

Техничко уредување
и корица:
Славка Арсова

# ***ПОСВЕТА КОН ПРВИОТ АЛМАНАХ***

Пожарите секоја година причинуваат големи материјални, еколошки и други штети. За жал, тие предизвикуваат и човечки загуби. Од пожарите страдаат голем број на станбени, стопански, јавни, земјоделски и други објекти, како и големи површини под шуми, житни култури, пасишта и друго земјоделско земјиште.

Пожарите не настануваат сами од себе. Непостои оправдана причина за предизвикување на пожар. Сепак, најголемата опасност за нивното предизвикување е човекот, кој што пожарите ги предизвикува поради своето невнимание, негрижа или незнаење, а за жал во некои случаи и со намера.

Противпожарниот сојуз на Град Скопје е организација од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес. Неговата дејност е заштита на граѓаните и заштита на материјалните и други добра од пожари. За постигнување на таа цел Сојузот се стреми да ја примени најефикасната борба против пожарите, превентивната, тие да не настанат, да нема пожари.

Во борбата против пожарите на соодветен начин може, треба да учествуваат и децата. За таа цел Противпожарниот сојуз на Град Скопје и општинските противпожарни сојузи „Аеродром„ „Кисела Вода„ „Карпош„ „Чаир„ „Центар„ „Гази Баба„ „Петровец„ и општинскиот противпожарен сојуз „Илинден„, секоја година, покрај останатото, организираат конкурси за литературни творби на учениците од основните и средните училишта.

Преку издавањето на овој Алманах кој што преставува избор на најдобрите творби од конкурсите во 2009-та и 2010-та година, им изразуваме благодарност на авторите на овие творби, но и благодарност до останатите повеќеилјади ученици учесници на овие конкурсите во изминатите години. Исто така благодарност и до професорите-ментори на авторите на творбите, како и до училиштата во кој што учениците учат.

Со почит,

**Противпожарен сојуз на Град Скопје**

**П р е т с е д а т е л**

Никола Бојковски

## *Пожарникар во огнен поход*

(прва награда на Конкурсот 2010 година)

Храбар воину
што со огнени стихии
вешто се справуваш
твоето тело,
зар не познава страв и трепет
твоето срце воинствено,смело?

Смел човеку,
со племенито срце и душа,
јазиците огнени врели
не го спречуваат чекорот
кој спасува од пеколот!

Хуман човеку,
од кого човештвото
треба навистина многу да учи,
зар постојат поголеми од твоите дела
на кои е горда планетава цела.

Воинствено јуриш пожарникару,
во огнен поход,
не мислејќи на себе.

Создаваш епопеја за огнот,
спасуваш, помагаш, чиниш невозможни нешта-
за мене си инспирација вечна.

Твојот поход историјата го носи,
за делата твои времето говори
тебе, јунаку, во овој микрокосмос
ништо не може да те  собори.

Александар Блажевски VII$^{4}$ одд.
ОУ ,,Лазо Ангеловски'' - Аеродром

## *Пожар*
(втора награда на Конкурсот 2010 година)

Се спушти
облак сив
над горaта густа,
се појави пламен
и за миг таа
стана пуста.

Горат треви
и дрвја разни,
шумите наши
станаа пусти и празни.

Го нема веќе
воздухот чист,
го нема ни
на дрвјата
зелениот лист.

Болни деца
насекаде има
воздухот веќе не е ист.

Ги нема веќе
белите дробови наши,
а пожарот силен
ништо не го плаши.

Пожарот треба
да го гаснеме сите,
за да н□ бидат
повесели дните.

Маријана Маринковска VII[1] одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с. Миладиновци
Општина Илинден

## *Една искра мала и нема шега*
(III награда на конкурсот 2010)

Шумите се наше големо богатство,
дар за целото човештво,
дар што дарила природата ширна,
за човечката душа да е спокојна, мирна.

Шумите го пра ват воздухот чист
даваат свежина со секој свој лист.
Затоа со нив да се однесуваме
со голема почит.

Ако си во планина или шума,
не држи пламенче во рака-
тогаш придрата не те сака,
затоа што само една искра мала
и веќе нема шега-
пожар голем може да вивне,
кој многу тешко ќе стивне.

И казни го секој кој намерно
шуми пали,
бидејќи последиците не се мали.

Давид Јовчески $VI^{2}$ одд.
ОУ ,,Кузман Јосифовски-Питу'' - Кисела Вода

## *Заштита на шумите од пожари*

Дрво до дрво
бујна шума прават,
насекаде околу
чист воздух нѝ даваат.

Од летните горештини
во нив спас бара секој,
сѐ додека не ја посети
непослушко некој.

Тој отпушокот го фрла,
без размислување
и наеднаш, за час,
предизвикува пожар околу нас.

Но, за наша голема среќа,
будните пожарници итаат,
и шумата навреме
од големите пламени ја штитат.

Затоа, во овој час,
ветуваме на цел глас
,,шумите будно ќе ги штитиме
а пожарникарите со ордени ќе ги китиме!’’

Моника Стојчевска $VIII^{а}$ одд.
ОУ ,,Страшо Пинџур’’ – Ѓорче Петров

## *Пожарникар*
(втора награда на Конкурсот 2009 година)

Штом некаде се појават
пламени јазици до небо,
бестрашниот пожарникар
храброста ја покажува на дело.

Се втурнува како стрела
во густи облаци од чад,
не жалејќи го својот живот
до немоќните пробива пат.

Голема и драга награда
за неговиот несебичен труд,
е спасениот човечки живот
од опасниот огнен круг.

Сара Савова $V^2$ одд.
ОУ ,,Ѓорѓија Пулевски'' - Аеродром

# Ден потоа

(трета награда на Конкурсот 2009 година)

Во екот на летото, кога сонцето го достигнуваше својот врв, почнаа да се случуваат многу страшни и лоши работи. Дали поради големата жештина, или пак поради човечкото невнимание, почнаа да се појавуваат многу пожари. Зедоа толку голем замав што ја зафатија речиси целата територија на нашата татковина. Се вклучија многу пожарникари од целата земја. По долго време успеаја да ја запрат огнената стихија. Но, таа зад неа остави пустош. Премногу гори и долини останаа голи без нивната заштита од големите дрвја.

Птиците останаа без домовите, луѓето без чистиот воздух. Зимата, со нејзините дождови и снегови, успеа да залечи само дел од големото црнило што ги обви горите.

Сега е на нас редот. Да засадиме барем  по едно дрвце кое со своите  листови ќе придонесе да се залечи природата. Секое мало семче,кое ќе го боцнеме во земјата, ќе помогне да се зголеми зеленилото, кое го изгубивме. Да веруваме во екологијата и да  помогнеме да се развие.

Затоа, да го победиме злото што н го предизвикуваат пожарите.

Габриела Колевска VI$^{б}$ одд.
ОУ ,,Кочо Рацин'' - с. Петровец

## ***Заштита од пожари***

Некогашноќе, кога по небото
ѕвезди ко светулки патуваат,
пожари горат, горат
со сета огнена моќ.

Тие црвени пламени јазици
планинските врвови ги освојуваат,
тие зелени пространства,
сè повеќе се уништуваат.

Нека го живее природата
зелениот живот свој,
и по ширните ливади
да се засадат млади дрвца,
ко пчелки рој.

Природните богатства
повеќе да не се уништуваат,
и од пожари,
луѓето да ги заштитуваат.

Затоа, човекот треба да сфати
ЗА СЕКОЈ ПОДМЕТНАТ ПОЖАР
НЕГОВОТО ЗДРАВЈЕ ЌЕ ПЛАТИ!

Магдалена Кекеновска $VII^3$ одд.
ОУ ,,Живко Брајковски'' – Бутел

## *Заштита на шумите*

Огнот е суров
кон шумите наши,
ги гори и од нив
сака пепел да стори.

Но,секое дете
и возрасен знае
без кислород Земјата наша
нема уште долго
да трае.

Озонските дупки
на небото се шират,
а само шумите
нив можат
да ги смират.

Затоа, ги молам
граѓаните за внимание,
да ги чуваат шумите
од секој што нема
еколошко воспитание.

Родители наши,ако сакате
ние да бидеме здрави,
за секој совесен чекор
кажете БРАВО!

Александра Крстевска V[а] одд.
ОУ ,,Партенија Зографски'' – Кисела Вода

## Внимавај, дете мило

Гледај насекаде околу нас
природата нè моли
ако малку погрешиш
многу ќе ја боли

По улица оди еден чичко-
со него што да се прави!
Отпушокот од цигара
на улица го остави.

Со електричните апарати
внимателно ракувајте сите,
само така среќни
ќе н□ бидат дните.

Чкорчето од кибритот
не го фрлај каде било,
така ќе се заштитиш
од пожар дете мило!

Алмин Смајовиќ VI$^1$ одд.
ОУ „Братство – Единство" – с.Коњари
Општина Петровец

## Пожар

Да внимаваме треба,
со оган шега нема,
да пламне може брзо
и потоа, сѐ да снема.

Ветерот е негов другар
ќе дувне лево, десно,
и од огнот може
да настане пожар лесно.

Софија Чаловска $\text{III}^2$ одд.
ОУ ,,Љубен Лапе'' - Чаир

# *Што значи да се биде пожарникар?*

Да се биде пожарникар значи, секојдневно да се бориш со оган, да спасуваш животи. Да се биде пожарникар значи, да бидеш бестрашен, да немаш страв за својот живот. Пожарникарот секогаш кога влегува во борба со лутиот оган, го става својот живот на ризик. Кога итниот повик се гласи, тој е готов некому живот да спаси.Пожарникарот е херој, кој не се плаши да помогне. Кога некоја куќа, или стан, е во оган, тој со своето пожарникарско возило итно се упатува на лице место и го гаси пожарот.

Главно оружје на пожарникарот е водата.Тој со своето оружје, водата, оди во нови битки против страшниот оган и ја продолжува нерамната борба да спасува живот. Задача на пожарникарот е секогаш да биде извојувана победа во борбата со огнот.

Но,што всушност, значи да се биде пожарникар? Пожарникар значи, да бидеш херој, спасител кој ќе се бори до последниот здив.

Јулија Илиевска IV$^{б}$ одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – Аеродром

## Пожар

Пожарникар пожар гаси и
гледа секого да спаси.

Пожар штом избие некаде
пожарникарите се распоредени секаде.

Зградите почнуваат да се рушат,
а децата од чадот да се гушат.

Пожарникарот тогаш ќе се јави
и на пожарот крај ќе стави.

Дијана Ангеловска VI$^{а}$ одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Миладиновци
Општина Илинден

## *Пожарникари*

Насекаде се шират
пожари разни
за нив слушаме
разни приказни и сказни.

Шумите горат
и за помош молат
спасете ги сите,
за поубаво да ни
минуваат дните.

Од пожарникарите
помош барајте,
кога пожар ќе има
било да е во лето
или во зима.

Тие се подготвени
секој час
да нè заштитат
сите нас.

Наташа Цветановска VI$^{3}$ одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с. Миладиновци
Општина Илинден

## *Пожар*

Внимание, внимание!
Кога греалка ќе вклучиме
да не ја заборавиме
зашто многу лесно
може да се опожариме!

Внимание, внимание!
Кога скара правиме
секогаш на време
да ја изгаснеме.

Секогаш и секаде
кога забележуваме
секого да предупредуваме
со оган да не си играме.

Ана Сидовска $III^{4}$ одд.
ОУ ,,Љубен Лапе” – Аеродром

## *Чувајте ја шумата-нашето богатсво*

По планина се качувам високо
од таму го гледам полето широко
наоколу ветерчето вее
зелените листови сонцето ги грее.

Природата наша е убава
во прегратките многу нешта крие
планинарски домови,излетнички места.
Но, кај луѓето не работи свеста.

Наеднаш се слуша гласот
тажно шумата го бара спасот:
,,Дојдете пријатели, спасете ме млада,
во мене има птици и цели стада.”

Пожарот беше на време спречен
животните останаа во домот вечен.
Чувајте ја шумата,богатство е наше,
ќе ви биде благодарно и детето ваше.

Маја Мартиновска $V^{a}$ одд.
ОУ ,,Ацо Шопов’’ - Бутел

## Пожарникари

Каде и да се
ширум светот,
заштитници се тие на
човекот, дрвото, цветот.

Тие се на местото,
каде пожар има,
спасуваат животи
во пролет, лето, есен, зима.

Од најмлади до најстари,
каде и да се тие,
таму кајшто има пожар,
пожарникарот нема да се крие.

Секогаш се спремни,
да спасат луѓе и згради цели
од пламени јазици
и огнови врели.

Филип Трајковски $V^3$ одд.
ОУ ,,Ѓорѓија Пулевски'' – Аеродром

## *Заштити ги шумите*

Заштити ги шумите од пожар
тие се нашето богатство.
Таму плодови раснат,
и децата нешто ќе каснат!

Дрвјата не треба да се гор
зашто за нив некој се бори.
Природата треба да се чува
од неа ветерче малку да н□ дува!

Не гледај како природата гори!
Оди, спаси ја убавината мила,
таа не може да се бори-
нема толкава сила!

Шумата не треба да се пали
таа треба да се негува и гали.

Ангела Ќулумоска V[г] одд.
ОУ ,,Страшо Пинџур" – Ѓорче Петров

## Пожарникари

Во соседната зграда
избувна пожар,
сите се собраа
и гледаа тажно.
На балконите
излегоа луѓе
и викаа
за помош.
Тогаш некој рече:
-Да викнеме пожарникари.
Го свртевме бројот 193
и оттаму се слушна глас:
-Доаѓаме за минути три.
Пожарникарите беа брзи
со шмркови в раце
пожарот го изгаснаа сосем.

Ивана Младеновска $V^{б}$ одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Миладиновци
Општина Илинден

## *Пожар*

Еден ден сите станаа на нозе-
што да видат, што да прават?
Огнот не можат во мир да го стават!

Куќа по куќа гореше,
а дрво по дрво уште побрзо паѓаше.

Луѓе некои бегаа,
а некои останаа огнот да го гасат.

Огнот сè поголем и поголем беше!

Сите убави куќи изгореа,
во пепел се сторија.

Албин Османовиќ VI$^1$ одд.<br>ОУ ,,Братство-Единство'' - с. Средно Коњари<br>Општина Петровец

# Случка од пожар

Еден ден додека се враќав од училиште одекнуваше сирената на противпожарните коли. Автомобилите по улицата се престројуваа во една лента и го ослободуваа патот на противпожарникарските коли. Преднос им даде и црвеното светло на семафорот. Некаде има пожар, си помислив, затоа брзаат пожарникарите побрзо да стигнат на местото на настанот. Почекав да се запали зеленото светло за да го преминам пешачкиот премин и се упатив кон својот дом. Одејќи кон дома забележав густ чад во облаците, па побрзав. До мојата зграда имаше куќи. Во една од нив имаше пожар, но од густиот чад не можев да одредам ништо. Веднаш штом стигнав дома излегов на балконот. Храбрите пожарникари веќе се бореа со пламените јазици на огнот кој штотуку беше вивнат. Изгореници паѓаа од покривот но пожарникарите вешто го гасеа огнот, несебично и храбро не жалејќи се себе. Пожарот беше совладан благодарејќи на пожарникарите и нивното навремена стигнување до местото на пожарот.

Една мајка силно плачеше: ,,Внатре е моето дете!Мојот Томи!" Луѓето се собираа околу неа и ја тешеа, но попусто...Томи, Томи, повторував во себе. Тоа беше Томи со кој често игравме во паркот пред зградата. Томи често со себе носеше запалка со батерија и ни покажуваше разни трикови со светлината на батеријата. Ми потекоа солзи од очите. Мајка му не престануваше да го извикува неговото име. Во исто време се слушна и друг глас:,,Помогнете ми!" Наеднаш пожарникарите се стрчаа кон подрумските прозорци на куќата и од подрумскиот прозорец некој им го подаде Томи, а пожарникарите го земаа в раце и веднаш го предадоа на брзата помош. Од подрумскиот прозорец излезе и пожарникарот што го спаси Томи.

Пожарникарите го прегрнаа и се израдуваа. Се радував и јас, бидејќи Томи беше спасен. Им подадов рака на пожарникарите и им се заблагодарив. Тие се навистина храбри луѓе. За да спасат живот, нивниот живот секогаш е изложен на опасност. Со оган не се игра, велат постарите.

Бев среќна што овој пожар заврши среќно. Томи повторно си игра со нас, но повеќе никогаш не ја носи неговата запалка. Голема благодарност до пожарникарите на нашиот град.

Марија Илиевска V4 одд.<br>ОУ ,,Лазо Ангеловски'' - Аеродром

## Внимание! Пожар!

Внимание! Внимание!
цигара в шума не палете,
ниту в поле среде жито
со огнот не се шегувајте.

Пожарите се страшни
зашто огнот се` гори.
Кога тој ќе се засили, тогаш
малку може да се стори.

Затоа, треба да внимаваме
пожар да не предизвикуваме.
Ако тоа се случи-
веднаш треба пожарна да повикаме.

Никола Стојановски VII$^{б}$ одд.
ОУ ,,Кочо Рацин'' – с.Петровец

## ***Пожар***

Во борова шума
си шеташе дете,
фрли запалено чкорче-
се разгоре борче по борче.

Жарче по жарче
оган голем гори
во боровата шума
пожар се стори.

Кој ли ќе нѐ спаси
пожар да изгаси
противпожарна служба мора да се викне
пожар да изгасне
борче пак да никне.

Опасно е деца,
да се внимава мора,
да се чува природата
богатство е нашата гора.

Никола Васовски $V^1$ одд.
ОУ ,,Лазо Ангеловски'' - Аеродром

## Јунаци смели, храбри и хумани

-Зградата гори!
Луѓе помагајте!
Избезумени викаат од прозорците,
станари, возрасни и деца.
-Викајте пожарникари!
Вода пуштете, јаже подајте!

Одеднаш сирени се слушнаа,
пожарникарите пристигнаа.
Брзо, побрзо, најбрзо,
монтираат огромни шмркови со вода,
другите скалата ја креваат.
Се качуваат, во оган влегуваат.

Без страв, херојски и смело,
тие прават свето дело.
Спасуваат деца, старци и жени
и не помислуваат на својот живот.
Покажуваат колку се хумани и смели.

Јунаци смели, храбри и хумани
животот го жртвуваат секојдневно.
Треба да сфатиме сите
и да го почитуваме нивното дело.

Лејла Робели VI одд.
ОУ ,,Кузман Шапкарев’’- нас.Драчево
Општина Кисела Вода

## *Противпожарна заштита*

Да не се пожарникарите,
дрвјата ќе н□ изгорат од пожарите,
Тие се способни, работат вешто
и затоа гасат сешто.

Со нивните камиони
итаат бесно,
за да изгасат пожар,
не им е лесно.

Тие ги штитат
домовите наши,
и од пожарот
никој од нив не се плаши.

За да бидеш пожарникар
не е лесно,
но треба работата
да ја вршиш чесно.

Роберт Богоевски VII$^{б}$ одд.
ОУ ,,Рајко Жинзифов'' - нас.Драчево
Општина Кисела Вода

## ,,Стоп“ за уништувањето

Штом излезам надвор
го гледам Водно,
обоено зелено цело.
Штом свртам поглед
гледам - извишила високо Шара,
Секаде околу мене убавина
но, мојата совест ме кара.

,,Што вреди убавина
кога некои луѓе не ја почитуваат
ни природата ни татковината".

Едно догорче-густ чад
несреќа, бол и црна јад.
Едно невнимание мало
и шумата во оган се вие
земјата од жал се тресе,
страв во нашите срца бие.

Ајде, тоа да не биде така
да дигнеме глава:
на уништувањето, на загадувањето
да кажеме ,,СТОП"
Да не биде...
Да не се повтори...
Никогаш повеќе....
Никаде...

Катерина Насковска VI$^{в}$ одд.
ОУ ,,Невена Георѓиева – Дуња’’ - Кисела Вода

## *Пожар*

Во една шумичка
голем пожар имаше,
кој од природата
богатствата ги земаше.

Тревата се запали,
се замати воздухот чист,
изгореа дрвјата
не остана ниту еден лист.

Затоа,не играјте си
со оган или жар,
бидејќи може да настане
голем пожар, наместо шумски дар.

Алаксандра Павлевска $V^2$ одд.
ОУ ,,Живко Брајковски’’ - Бутел

## ***Пожар***

Од една мала грешка,
се направи мака тешка,
избувна силен пламен,
и никој не му беше рамен.

Имаше десетина жртви,
десетина луѓе мртви,
некои ги извлекоа пожарникарите смели,
низ облаците густи, врели.

Добрите луѓе помагаа
и секој час сè повеќе доаѓаа.
Со вода пожарот го изгасија,
и со тоа околината ја спасија.

Јас бев сведок
на настан не многу редок.
Да ја разбудиме свеста
и со пожари да не ги
уништуваме шумските места!

Елисавета Лукановска VI$^{3}$ одд.
ОУ ,,Кузман Јосифовски – Питу'' - Кисела Вода

## Не пали оган

Не пали оган
и не прави жар,
затоа што ќе
предизвикаш пожар.

Изгасни го добро
отпушокот од цигара,
за да не ја повикаш
пожарникарската бригада.

Пожарникарите секогаш
на време стигнуваат,
за да не можат
пожарите да дивеат.

Елеонора Науновска $V^{в}$ одд.
ОУ ,,Кочо Рацин'' – с.Петровец

## Пожарникарска служба

Пожарникарите пожарот го гасат
животот на луѓето да го спасат.

Пожарникарите се хумани,
тие добри дела прават
кога луѓето во незгоди се ставаат.

Кога пожар ќе видиш,
ил неволја те снајде
јави се веднаш на 193-
сигурно помош ќе најдеш.

Ивана Икономова IV$^2$ одд.
ОУ ,,Ѓорѓија Пулевски'' - Аеродром

## *Пожар*

На тревата, на нејзините
убави и зелени коси,
одеа децата
со ноџиња боси.

На големата планина
оган се вие,
и почна голема врева
во село да се крева.

-Оган, Оган!
Се слушаше глас.
Ги викаа сите
да дојдат на спас.

Од човечко невнимание
шумата изгоре сета,
и нов живот ќе се роди
после многу, многу лета.

Планините изгореа
зеленилото не остана на нив,
а луѓето не признаваа
кој беше крив.

Сандра Јагуриноска V[a] одд.
ОУ ,,Кочо Рацин'' - Центар

## Еден миг кој може да го промени животот

Беше убав сончев ден. Птиците пееја, ветрот ги галеше лисјата, пролетните и шарените цветови. Никој не помисли дека тој убав пролетен ден може да се расипе.

Милена беше желна за млеко, па и дотекна да свари млеко на шпоретот. Но,поткако таа го стави млекото да се вари, ја викна нејзината другарка Флора. Го остави млекото на вклучениот шпорет и отиде со другарка и.

По некое време соседите на прозорците здогледале ужасна глетка. Цела куќа во пламен. Тие исплашени викнале пожарна и ги повикале родителите на Милена. Тие кога дошле биле шокирани и избезумени. Мислеле дека Милена е внатре, заробена во страшниот пламен.

По неколку часа пожарникарите успеале да го изгаснат пожарот, но, Милена не била таму. Таа полека и весело се враќала со својата другарка. Родителите кога ја виделе се израдувале. По извесно време полицијата дознала, како е предизвикан пожарот. Родителите и биле лути на Милена што не била внимателна. Но, сепак, за да направат нов дом им помогнала државата.

Затоа, оваа случка е поука за сите луѓе, дека, кога се работи за електрични апарати и оган, треба да бидеме многу внимателни, бидејќи последиците можат да бидат смртоносни и непоправливи.

Моника Саболиќ Va одд.
ОУ ,,Григор Прличев'' - нас.Железара
Општина Гази Баба

## *Пожар*

Во гората нешто гори,
за миг голем пожар се стори.
Боровата горска шума,
ја надвјаса црна чума.

Тие вековни дрвја стари,
не се купуваат со никакви пари.
Оган гори ко сончев жар,
богатството беше ко божји дар.

Стефани Богоевска $V^{в}$ одд.
ОУ „Његош'' - Колонија Идризово
Општина Гази Баба

## Да ги чуваме шумите

За шумите наши да не горат,
ако треба се ќе сторам,
дури и со огнот јас ќе се борам!

Досега во шумите
многу огнови пламнале,
но за да згаснат
и млади животи згаснале.

Кога ќе видиш пожар негде
и возбудени луѓе сегде
јави се на бројот 193
ќе дојдат пожарникари со коли три!

Кога ќе згаснат огновите диви,
пред тебе се пружаат погледи сиви.

Затоа,внимателен биди ти,
за сите да имаме среќни и весели дни!

Марија Величкова $V^3$ одд.
ОУ ,,Дане Крапчев'' - Гази Баба

## *Апел*

Најголемо богатство на нашиот свет
се дрвјата, шумите и шарениот цвет.
Пожарите се многу чести-
тоа го слушам на утринските вести.

Пожарите ги уништуваат шумите густи
и ги оставаат полињата пусти.
Противпожарните служби ако се тука
нема опасности, паника и бука.

Телефоните секогаш
да н□ бидат при рака,
Ако се јави потреба
противпожарна кола да се прати-
човечката мака да ја скрати.

Стефани Илиевска $V^{а}$ одд.
ОУ ,,Његош'' - Колонија Идризово
Општина Гази Баба

## *Шумата пепел се стори*

Засвете силно в ноќта темна
се издигна пламен
над сувата земја.

Црн чад се крева
блиската шума гори
сета пепел ќе се стори.

Огнот силен брзо се шири,
а пожарникарската сирена
почна да свири.

Пожарникарите огнот
го згаснаа за час.
Сето тоа го прават
да н□ помогнат нас.

Анастасија Милковска $VI^{6}$ одд.
ОУ ,,Његош'' - Колонија Идризово
Општина Гази Баба

## ***Шумите се нашето богатство***

Има ли некој од нас кој не сака игри лесни,
има ли некој од нас кој не сака убави песни?
Кој ли од нас не сака прекрасни сни,
кој ли од нас не сака безгрижни дни?

Шумите наши за тоа се најубаво место
и за игри, и за песни таму одиме често.
Тие се тука за нас и зиме и лете,
на шумски прошетки сака да оди секое дете.

Но, шумите се и наши дробови бели
и за нив сите треба да се грижиме, нели?
После секоја прошетка да погледнеме зад нас дали е чисто
и да заминеме оставајќи како што најдовме исто.

Против пожари шумски да се бориме,
засадувајќи дрвца нови шуми да створиме.
Шумската убавина да е обврска наша,
прашајте се сега, дали е чиста совеста ваша?

Матеа Михајлова $V^4$ одд.
ОУ ,,Дане Крапчев'' - Гази Баба

## *Гласот на дрвото*

Во блиска шума
на прошетка бев јас,
уживав во мир и птичји пој...
Одеднаш, чудо!
Старо дрво подигна глас.
Неговите зборови ги кажувам вас;

-Без мене животот не ќе е ист,
јас ви давам воздух чист.
Сакај ме ти, ќе те чувам јас,
бори се секогаш за мој спас.
Пожарот е голем непријател мој
ме чуваш ли мене,
го чуваш животот свој!

Размислував долго
за зборовите тешки,
па еве ви велам сега и јас:
-Внимавајте! Не правете грешки!
Догорчиња не фрлајте вгора!
Секое дрво да се чува мора!

Моника Атанасовска $V^4$ одд.
ОУ ,,Дане Крапчев'' - Гази Баба

## *Заштита на шумите од пожар*

Пожарната брза,
сирената се гласи,
брза таа кола
пожарот во шумата да го гаси.

Секој несовесен,
казни нека плати,
исто како и природата
и тој нека плати.

Ама тоа секој
така не го сфаќа,
па и недолжниот
со него си плаќа.

Секој што ја руши
нејзината рамнотежа,
самиот си плете
неизбежна мрежа.

Шумата над секој град
со дрвја иглолисни и зимзелени
воздухот загаден
лесно ќе го прочисти.

Кога шумата
на прошетка нѐ вика
тогаш секој човек
од радост блика.

Шумата многу н□ дава
ние само земаме.
Што е со нас луѓето
за совест немаме?

Затоа шумата те моли,
не уништувај ја,ја боли.
Шумата наша, плаче од мака-
Зошто со неа постапуваме вака.

Ѓоко Цветковски $V^1$ одд.
ОУ ,,Дане Крапчев'' - Гази Баба

## *Пожар*

Едно жарче
на зелена трева,
може да направи шумска врева.

Шумата во пламените
јазици кога гори,
секое животинче за животот
се бори.

Пожарот ги бои растенијата
во сива боја,
и прави тажна слика.

Тажната слика изгледа вака:
изгорени дрвја, растенија сиви,
бездомни осамени животинки диви.

Шумата бара спас,
од нас,
да засадиме зелено дрво,
да и дадеме душа,
тогаш природата ќе не слуша.

Тијана Мазева VI$^{б}$ одд.
ОУ ,,Ацо Шопов'' - Бутел

## Зошто човекот лошо прави?

Пожарот е честа појава
во нашата држава.
Изгорени дрвја,
опожарени шуми.

Чие е тоа дело?
Зошто човекот лошо прави?
Воздух чист нема,
зелената боја ја снема.

Ден на дрвото имаме.
Да ги спречиме пожарите,
дрво да засадиме
иднина да обезбедиме
во чиста и здрава средина
сите да живеме.

Христина Ангелова VIб одд.
ОУ ,,Ацо Шопов'' - Бутел

## Не пали оган во шумите

Шумата е филтер
на нашите гради,
Кислород чист
таа н□ дава.
Колку волшебно изгледаат
шумите во нивното царство,
А како ли
кога се цели во пламен?
Пожарот уништува се!
Зад него останува пустош,
јагленосани дрва,
шуми без жив свет,
И простор
на кој ќе му треба
долго време за да ја
врати убавата злена боја!

Александра Михајловска VIа одд.
ОУ ,,Ацо Шопов'' - Бутел

## Пожар

Се појави мрак,
зелената шума ја прикри,
мозаик од блескави и огнени искри,
зелената шума во облак ја стави-
тој жив вулкан крајот го најави.

Крај на шумската смеа!
Крај на птичјата песна!

Се појави мрак,
јас останав буден
ќе гледам ли сега живот осуден?

Станете сега, стари и млади
на шумата макиите да ѝ ги скратиме,
животот веднаш да ѝ го вратиме!

Елма Календер $VI^{1}$ одд.
ОУ ,,Братство-Единство'' - Карпош

## ***Заштита на шумите***

Природата наша мила
насекаде околу зеленило свила.
Таа е како мало дете
мета на пожарите, и зиме, и лете.

Од чкорче до чкорче
цела шума гори,
со пламените јазици
неуморно се бори.

Но, тука е пожарникарот
со препознатлив храбар лик,
подготвен да гаси во секој миг.

Затоа мои мили,
да се бориме со сите сили,
шумите да ги заштитиме
и поголема одговорност да ветиме.

Емилија Пашоска VIIIа одд.
ОУ ,,Страшо Пинџур'' – Ѓорче Петров

## *Шумите треба да се чуваат*

Шумите треба да се чуваат
за да можат луѓето да уживаат.
Не сечи го дрвцето
живот кое вреди
таа мисла секогаш треба да те следи!

Не пали чкорче
затоа што доаѓа до пожар бесен.
Заради таа нечовечка несовесност
животот на природата не □ е лесен.

Ина Димитриевиќ V[б] одд.
ОУ ,,Страшо Пинџур'' – Ѓорче Петров

## *Пожар*

Се крена пламен
до небесниот свод,
горaта стана осамена,пуста
друштво □ правеше маглата густа.

Се крена голем чад,
јаглерод диоксид го покри
целиот град.

Животот на луѓето
веќе не им беше ист
без дрвјата и нивниот зелен лист.

Марија Маринковска VI[1] одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци’’ - с.Миладиновци
Општина Илинден

## *Чичко пожарникар*

Ѕвонче ѕвони,
но не за час,
некој вика
на сиот глас.

Чичко пожарникар,
Чичко пожарникар!
Каде си?
Се слуша плачлив, детски глас.

Таму некаде
куќа гори,
а тоа за човечката
неодговорност збори.

Противпожарната служба
животот н□ го чува,
кога огнот за миг
под ред го става!

Ти благодарам чичко пожарникар
за доброто дело
и ти подавам марамче
за испотеното чело.

Симона Кабранова $V^3$ одд.
ОУ ,,Ѓорѓија Пулевски ‘’ - Аеродром

## *Пожарникар*

Пожарникар да се биде
е работа тешка,
не е како некој
да си седи и да се смешка.

Пожарникарот за луѓето
го жртвува животот свој,
па некогаш може
тоа и да е твој.

Оној што сака да е пожарникар
треба да е дар-мар,
и треба да се справува
со огнот како цар.

Петар Арсовски $V^3$ одд.
ОУ ,,Ѓорѓија Пулевски ‘’ - Аеродром

## ***Химна за пожарникарите***

Ние сме пожарникари нови
и гаснеме големи огнови,
спасуваме животи смело
и не н□ пречи ако е врело.

На повик  веднаш реагираме ние
и успешно возиме
низ сообраќајот што врие,
во тие мигови никој не спие.

Ние сме пожарникари храбри
ги спасуваме сите скопски градби
и никој од пожар да не се плаши,
зашто тука се пожарникарите ваши.

Водата и огнот се другари стари,
затоа никој да не дава пет пари
ако некое полаво огинче збесне
водата по глава ќе го тресне.

Дамјан Алексовски $\text{II}^{а}$ одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци'' - Аеродром

## *Спас од пожар*

Една вечер седам
до прозорец сам и
во еден момент гледам
кај соседите вивна пламен.

Се собравме сите таму
да спасуваме што можеме во тој час
иако на многу работи им немаше спас.

Но, тие пламени јазици
беа многу врели,
спасувавме што можевме-
бевме многу смели.

Но, најсреќен сум
што го спасивме бебето мало
кое во своето креветче
беше се успало.

Алмин Смајовиќ $VI^{1}$одд.
ОУ ,,Братство-Единство’’ - Петровец

## Пожарникарска песна

Пожарникар храбар
оган што гаси,
секогаш е подготвен
од пожар секого да спаси.

Да изгаси куќа
во оган која гори,
па макар да ја гаси,
дури до зори.

И да спаси луѓе
во огнена стихија,
со цревото свое,
вода кое „плука“.

Бојана Младеновска VI$^2$ одд.
ОУ ,,Браќа Миладиновци’’ - с.Миладиновци
Општина Илинден

## *Заштита од пожари*

Оган не треба да се пали,
покрај дрвја големи и мали,
крај пат или река
на трева убава мека.

Со огнот нема шега,
тој пред ветрот бега.

Затоа природата
треба да ја чуваме,
